Враќа
01.12.2017
N. [illegible]

ТІІ

Драгич

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИ
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕ
СКОПЈЕ
Примено: 01.12.2017
Организ. единица | Број | Прилог | Вредност
НП | 1534/17 | |

Република Македонија
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Бр. 44-5048/1**
**28.11.2017 година**
**Скопје**

**ДО НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СКОПЈЕ**

Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 28.11.2017 година ја разгледа Иницијативата до овластени предлагачи за измена и дополнување на закони и други подзаконски акти, доставена од Народниот правобранител на Република Македонија под број 1534/17 од 16.8.2017 година и имајќи ги предвид мислењата на Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука, во кои е подржана Иницијативата за Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, Законот за семејство и Законот за средно образование, ја прифати Иницијативата и заклучи да го извести Народниот правобранител на Република Македонија, согласно член 34 од Законот за Народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија", бр. 62/2003, 114/2009, 181/2016 и 189/2016).

**ПРИЛОГ 3:**
- Мислење на Министерството за правда
- Мислење на Министерството за труд и социјална политика
- Мислење на Министерството за образование и наука

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

Министерство за образование и наука

Сектор за основно и средно образование
Бр. 12-10556/1
15.11.2017 год.

ул. Св.Кирил и Методиј бр. 54
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. (02) 3117 896
Факс (02) 3118 414

Веб страна:
www.mon.gov.mk

До
Влада на
Република Македонија

**Предмет:** Доставување мислење по Иницијатива за измена и дополнување на закони
**Врска:** Ваш број 44-5048/1 од 24.08.2017 година

Почитувани,

Во врска со Иницијативата за измена и дополнување на закони под горенаведениот број, доставена до Влада на Република Македонија од страна на Народниот правобранител, за измена и дополнување на Законот за семејството, Кривичниот законик и Законот за средното образование, а во насока на превентивно делување и спречување на натамошно проширување на појавата на малолетнички (детски) бракови, а со тоа и непречено остварување на принципот најдобар интерес на детето, Министерството за образование и наука го дава следното мислење:

Министерството за образование и наука внимателно ја разгледа иницијативата и Ве известува дека Иницијативата за измена и дополнување на Законот за средното образование, а во насока на превентивно делување и спречување на натамошно проширување на појавата на малолетнички (детски) бракови, а со тоа и непречено остварување на принципот најдобар интерес на детето, ќе ја земе во предвид при измената на Законот за средното образование.

Со почит,

МИНИСТЕР
Рената Дескоска

Изготвил: Дана Бишкоска
Одобрил: Елена Ивановска